**Министерство за труд и социјална политика**
**До: Г-ѓа Мамбера Камбери**
**Национална работна група**

**Предмет:** Препораки на Експертските Групи на ЕЦМП за **Нацрт стратегијата за Ромите во Република Македонија**

Почитувани дами и господа,

Целта на ова писмо е да се проследат до вас коментарите и сугестиите на членовите на експертските групи на ЕЦМП за интеграција на ромското население. Експертските групи, заедно со владата на Република Македонија, сакаат директно да придонесат кон подобрување на стратешкиот документ. Проект на ЕЦМП за интеграција на ромското население (претходно истражување и Експертски групи)

Пред да ги дадеме нашите конкретни препораки, би сакале накусо да го претставиме проектот за интеграција на Ромите.

Европскиот центар за малцински прашања ги унапредува меѓуетничките односи во Европа преку спроведување на активности, истражување и документирање. Дава подршка на стабилизационите процеси во регионите каде постојат етнополитички тензии и конфликти, придонесува кон зацврстување на релевантната легислативата и доброто практикување во владеењето. Го стимулира и зголемувањето на капацитетите на актерите од цивилниот и јавниот сектор за меѓусебно поврзување на конструктивен и одржлив начин.

Во јуни 2003, Шведската меѓународна агенција за соработка и развој, (Sida), формулираше програма и финансиски го поддржа ЕЦМП во истражувањето на потребите на ромското население во Република Македонија. Во периодот од септември до ноември 2003, истражувањето се спроведе во четири клучни области: образование, здравство, граѓански права и вработување. Во секоја од клучните области, ЕЦМП формираше фокус групи кои посветија внимание не само на положбата на ромската популација воопшто, туку и на положбата на ромските жени.

Во сите четири клучни области, ромското население, во соработка со други релевантни актери, ќе треба да направи промени со цел во иднина рамноправно да учествува во општествениот живот. Преку проектот на ромските Експертски групи, првиот чекор треба да биде во оваа насока. Во првата година на проектот, Експертските групи ќе бидат формирани врз основа на ригорозна селекција и заеднички ќе работат на истражувачки проекти во четирите клучни области. Базирано врз заклучоците од истражувањето на потребите, експертските групи ќе испланираат и спроведат истражувања кои сметаат дека се важни како основа за конкретни политички мерки со кои ќе се корегира компаративно понеповолната положба на Ромите во клучните области. Врз основа на ова истражување ќе се понудат препораки за преземање на конкретни мерки за интеграција на ромското население во Македонија. Улогата на експертските групи треба да биде продолжена и по завршувањето на едногодишниот мандат на ЕЦМП: групите

треба да бидат одржливи со цел да ја мониторираат имплементацијата на предложената владина стратегија за интеграција на Ромите.

Ромските експертски групи имаат намера паралелно да работат на неколку нивоа:

- поддршка на ромските експерти кои во иднина би можеле да даваат совети и консултации за интеграцијата на Ромите
- зголемување на професионалноста на ромските активисти преку тренинг програми
- создавање на услови за поддршка на стратегијата за интеграција на Ромите и нејзиното имплементирање преку мониторинг и консултации од страна на експертските групи

Како и во целиов регион, Ромите се најмаргинилизираното население и во Македонија. Со проектот треба да се издигне нивото на интеграција на Ромите во македонското општество, пружајќи им ги ресурсите неопходни за ефективно исполнување на нивната улога во едно демократско општество, засновано на владеењето на правото, како и за нивно успешно учество на пазарот на работна сила.

Активностите на експертските групи се во синергија и со другите иницијативи (вклучувајќи го развојот на владината стратегија, поддржан од страна на Проектот за етнички релации и Декадата на Ромите, иницирана од Светската банка) со што се создава заеднички импакт, многу поголем од она што би го постигнале иницијативите поединечно.

Подолу ќе ги најдете општите и конкретни предлози и препораки на четирите ромски експертски групи:

Општи забелешки на експертските групи

- Насловот на документот би требало да се промени во : “ Стратегија за подобрување на положбата на Ромите во Македонија ”
- Поинтензивни напори од страна на владата за имплементирање на Охридскиот дог о вор во делот за еднакво учество во јавната администрација ( Амандман VI , види го Уставот на Република Македонија ); делот каде што често се споменува, но не се прецизира во која насока ситуацијата би требало да се подобри.
- Да се избегне употребата на стереотипи во јазикот; додатно да се избегнат зборови кои не имплицираат доволно обврска од страна на државата ( нпр. владата би требало да се охрабри во... ”)
- Недостаток на позитивни примери ( добри практики во делот на вработувањето , домувањето , граѓанските права )
- Недостаток на временска рамка ( подобро прецизирање на краткорочна , среднорочна , долгорочна стратегија )
- Имплементација

- Мониторинг ( дефинирање на начинот на кој ќе се спроведе мониторингот ); мониторингот се спроведува од страна на меѓународни и локални организации , поединци Роми и ромски политички партии
- Владата да ја дефинира улогата на медиумите во промовирањето на имплементацијата на стратегијата
- Поголема застапеност на Ромите професионалци во институциите ( потребни се информации за сегашната застапеност, како и за хи е р а рхиската положба на нивните работни места во администрацијата )
- Се препорачува владата да посвети поголемо внимание на еднаквата застапеност со цел поголемо ангажирање на припадниците на оваа етничка група , во сите сфери на социо-економскиот живот , особено во јавната администрација . Притоа, степенот на образование би требало да биде поставен како примарен селективен критериум .
- Конкретизирање на обврските на владата и да се одлучи кое министерство ќе било одговорно за кој дел на стратегијата
- Да се имплементираат правни / административни процедури на сите нивоа ( со правна помош )
- Недостаток на официјални документи , што доведува до ускратување на правото на здравствено осигурување

Експертска група за вработување

- **Страна 35, параграф 11** , би требало да се смени во следново : “ затоа е неопходно државата да создаде услови или правни мерки со кои таканаречената сива економија би се ставила во правни рамки на сите нивоа , со што вработените во системот би имале право на бенефиции ”
- **Страна 36,** да се додаде следново : министерството за труд и социјална политика и министерството за економија ќе создадат посебни програми за Ромите ( промоција на бизнис , кредити итн .)
- **Страна 37, параграф 27** , да се додаде нова препорака : да се зголеми бројот на Ромите во јавна администрација , да се прецизира начинот на кој тоа би се спровело , да се изнајдат посебни механизми за учество на Ромите во јавната администрација .
- **Страна 39, параграф 41** , закон за традиционалните занаети ; да се изнајде начин на кој би се регистрирала музиката како ромски занает со што музичарите би стекнале право на пензии ( со тоа ќе им се овозможи да плаќаат придонеси за пензиите, а подоцна, како стари лица да ги примаат )
- **Страна 40** , во делот за образование : би требало да се постави старосна граница за лицата со многу ниско образование до која би им било овозможено посетување на настава ( ова би било во согласност со законот )
- **Страна 41** , во делот за информациите и учеството , да се потенцира важноста на медиумите кои навремено ќе ја известуваат јавноста и ќе придонесуваат кон навремена имплементација на стратешките активности
- зголемување на бројот на Ромите во канцеларијата на народниот правобранител, судскиот систем, судската администрација во министерството за правда и локалните единици ?

Експертска група за образование

***Општи забелешки:***

- Формирање на програми во основното образование со родители Роми и не-Роми
- Дефинирање на терминот " најсиромашен"
- Предлог за промена на законот за основно образование, делот кој се однесува на најмалиот број на ученици (најниската граница да биде 20, како и создавање на услови за истото да биде спроведено)
- Психолошките тестови за подготвеноста за основно образование да бидат преведени на ромски јазик; ова значи дека доколку има потреба, детето ќе добие превод на прашањата од тестот со цел да даде соодветни одговори и целосно да го пополни тестот (ова би било регулирано со законски мерки)
- Санкционирање на неодговорните родители, освен во случаи на дискриминација, изолација, немање на соодветна опрема и/или книги
- Казнување на неодговорното однесување и реакции од страна на наставниците во училиштата, што пред се е резултат на постоечките стереотипи и предрасуди кон децата Роми
- Информирање на децата и родителите за нивните права (општо за сите ученици/родители)
- Подигнување на квалитет во образованието на децата Роми во споредба со не-ромските деца (се однесува на училиштата во ромските заедници)
- Вработување на ромски асистенти во училиштата (до четири годишна возраст) во ромските заедници; како и во училиштата каде децата Роми покажуваат слаби резултати
- Воведување на задолжителни часови по ромски јазик во основните училишта (член 48, Устав на Република Македонија)
- Воведување на програми и креирање можности за реинтеграција на децата кои го напуштиле школото
- Воведување на интерактивни програми за борба против предрасудите кон Ромите
- Додатна финансиска помош за родителите кои ги праќаат своите деца во училиште, под услов тие прво да посетуваат работилници за значењето на образованието на нивните деца и идните генерации (ова е со цел да се подигне нивото на свест). Работилниците и тренинзите би требало да бидат организирани во соработка со министерството за образование и ромскиот невладин сектор, со можност ваквите програми да бидат финансирани од страна на Фондот за образование на Ромите.

***Предучилишно образование:***

- **Страна 48** : нова препорака : да се вработат ромски асистенти во предучилишното образование

***Основно образование:***

- Да се изгради и основно училиште во Шуто Оризари
- **Страна 46 редови 3-4** : забелешка околу употребата на јазикот

- **Страна 46 ред 30; страна 61 ред 8; фуснота 79 страна 44:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 46 ред 21:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 50** : Стипендии и други форми на стимулирање, особено за успешните или талентирани Роми
- **Страна 50 ред 36; страна 51 ред 4:** да се формираат посебни групи за ромските деца кои не се вклучени во образовниот систем преку кои во првата година ќе биде реализирана делумна интеграција ; покрај програмата од првата година тие би добивале додатни инструкции ( во делот од програмата за предучилишно образование )
- **Страна 51 ред 21-22:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 55:** нова препорака – да се стимулира поголемо учество на Ромите во универзитетите ( нпр . како асистенти )

***Средно училиште:***

- **Страна 53 ред 11:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 54 ред 14:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 52 ред 21- ред 23:** забелешка околу употребата на јазикот
- Нова препорака : квота за Ромите во средните училишта
- Да се направат анализи на истражувањата на потребите за ново средно училиште во Шуто Оризари

***Високо образование:***

- Да се зголеми квотата – минимум 4%
- Да се воспостави механизам за заштита од злоупотреба на квотите
- **Фуснота 107** да се избрише
- **Страна 55 ред 10:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 55 ред 9:** забелешка околу употребата на јазикот
- Во склоп на образовната програма (“ методологија ”) на педагошките факултети да се вклучи посебен дел за тренинг (подготовка) за идните наставници кои ќе работат со мешани паралелки составени од деца од различни националности и деца од сиромашни фамилии
- Да се направат анализи на истражувањата на потребите за зголемување на бројот на студентите на педагошките факултети
- Овој процес да се мониторира од страна на Ромаверзитас, ромски невладини организации ( кои работат во областа на високото образование ) и експертската група за образование на ЕЦМП
- Да се воведе обврзувачки испит за не-дискриминација на универзитетите
- Да се овозможи еднаков и недискриминирчки пристап во студентските домови
- Бесплатно сместување во постоечките студентски домови за ромските студенти и разгледување на можностите за градење на дополнителни студентски домови каде Ромите би имале приоритет при сместувањето ( да се разгледа можноста за финансирање на оваа иницијатива преку Фондот за образование на Ромите )

Експертска група за здравство

***Општи препораки:***

- Часови за здравјето во градинките
- Воведување на задолжителни часови за хигиената и здравјето
- Нудење на хигиенски пакети на фамилиите
- Организирање на бесплатни прегледи за фамилиите со низок социо - економски статус , посебно во секундарната и терцијалната здравствена заштита
- Отварање на брачни советувалишта и нудење на бесплатни средства за контрацепција
- Наоѓање на дополнителни донации за нови медицински центри каде Ромите ќе добиваат бесплатна здравствена помош и лекови, а во истите ќе бидат вработувани Роми
- Поддршка за купување на лекови
- Организирање на задолжителни обуки за персоналот во медицинските центри
- Бесплатен абортус на доброволна база по раѓањето на третото дете за луѓето кои егзистираат од социјална помош
- Укинување на законот за четврто дете

***Специфични препораки:***

- **Страна 59 ред 1:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 59 ред 4:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 60 ред 5:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 63 ред 9:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 64 ред 19:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 64 ред 39:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 65 ред 23:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 65 ред 31:** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 62 ред 21:** забелешка околу употребата на јазикот

***Здравствено осигурување:***

- **Страна 71 ред 41** забелешка околу употребата на јазикот
- **Страна 73** забелешка околу текстот ( потенцирано )

Експертска група за граѓански права

- Донесување на закон за анти-дискримина ција во најкраток можен рок, ова ќе биде предл ожено до владата
- Оформување на комисија на национално и локално ниво која ќ е соработув а со народниот правобранител во полето на дискриминацијата
- Тренинзи за вработените во локалната администрација на полето на дискриминацијата и ч овековите права
- Оддел за внатре ш на контрола и професионални стандарди ко ј редовно ќ е организираат состаноци со претс т авници на ромск ата заедница

- Формирање на советодавно тело од страна на министерството за внатре ш ни работи и претставници од ромската заедница
- Изнао ѓ ање на извори за финансиска помо ш на граѓаните

***Имплементација на стратегијата:***

- Формирање на институционално координативно тело во кое ќе бидат вклучени ромски претставници, членови на експертска група на ЕЦМП, чија улога би била мониторинг и преземање на акции за имплементација на Стратегијата

***Улогата на не-Ромите во стратегијата:***

- Учеството на не - Роми е од големо значење за имплементацијата на оваа стратегија

***Препораки за активностите:***

- Интензивно афирмирање на стратегијата меѓу не-ромските заедници
- Вклучување на не-ромските заедници во имплементацијата на стратегијата